Ст.бр.7/2020

Р.

ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО, како првостепен стечаен суд и тоа стечајниот судија Исмаил Елези, решавајќи по предлогот за отворање на стечајна постапка над стечајниот должник Приватна здравствена установа – Ординација по општа медицина Д-р МИЛОШЕСКИ с.Преглово, Македонски Брод, поднесен од Боше Милошески од Прилеп ул. „Антон Панов„ бр. 4, по одржаното рочиште во присуство на предлагачот Боше Милошески и времениот стечаен управник Јосип Димитровски донесе на ден 28.10.2020 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОТВОРА стечајна постапка над должникот Приватна здравствена установа – Ординација по општа медицина Д-р МИЛОШЕСКИ с.Преглово, Македонски Брод, со седиште с.Преглово, Пласница - Македонски Брод со ЕМБС 6137539 и ЕДБ 4018006104089 основано на 04.09.2006 година, приходна шифра 86.21-Дејности на општа медицинска пракса, со трансакциска сметка во Комерцијална банка АД Скопје со број 300280000005648, стечајната постапка СЕ ОТВАРА, стечајната постапка не се спроведува и се ЗАКЛУЧУВА, поради немање на имот на стечајниот должник.

По правосилноста на решението Централен регистар Регионален центар Битола да го брише должникот од Централен регистар на РСМ.

По правосилноста на решението Комерцијална банка АД Скопје да ја згасне трансакционата сметка на должникот, а доколку има средства на неа истите да ги префрлат на жиро сметка на Буџет на РСМ број 100-0000000630-95, уплатна сметка 840-134-03338, приходна шифра 722211 при Народна Банка на РСМ.

Да се објави оглас во Службен весник на РСМ, на огласна табла и веб страна на Основен суд Кичево.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До овој суд предлагачот поднесе предлог за отворање стечајна постапка над должникот заради неликвидност.

Судот по добивањето на предлогот определи времен стечаен управник за утврдување на економско-финансиската состојба на должникот и закажа рочиште на кое предлагачот остана при наводите на предлогот, а судот во доказна постапка ги изведе доказите како на записник од 28.10.2020 година при што утврди дека се исполнети условите од чл. 5 од Законот за стечај за отворање на стечајна постапка, бидејќи на должникот му претстои идна неликвидност, согласно чл. 5 и 51 од Законот за стечај.

Од извештајот на времениот стечаен управник и приложените писмени докази судот утврди дека имотот на должникот што би влегол во стечајната маса не е доволен ни за намирување на трошоците на таа постапка заради што донесе решение за отворање и заклучување на стечајната постапка, во кој случај стечајната постапка нема да се спроведе.

Предвид на погоренаведеното согласно чл.68 од Законот за стечај се одлучи како во изреката на решението и определи објавување на ова решение.

СНОВЕН СУД КИЧЕВО, СТ бр. 7/2020 од 28.10.2020 година.

Стечаен судија,
Исмаил Елези

ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот до Апелациониот Суд Гостивар.

ДНА: Предлагачот - должникот, стечаен управник, Огласна табла и веб страна на Основен Суд Кичево, УЈП-Кичево, по правосилноста на решението на Централен Регистар на РСМ РК Кичево и Комерцијална банка АД Скопје.